музика:

# КОБНА УБАВИНА

# MIZAR




## третото

## ткровение

Во колевката на празнината, безобличната плазма на идејата, енергијата на креацијата, почна да се обликува, околу себе да ги привлекува нетварните енергии и да ги преведува во форма, со несфатлива потреба да се креира, се изродија , на хоризонтот на случувањата и завибрираа невидливите жици на Кобна Убавина.

Третото откровение на **Мизар** ја изроди Кобната Убавина, контроверзна колекција од песни што ќе ве вратат и ќе ве потсетат на запуштените атрибути на човековото битие - ќе ве однесе на базиликите на вашите заборавени завети, студена вода на залепените, од лажен сон, очи, со огнен жезол ќе остави белег во просторот и времето, со силен удар ќе ве удри однатре, предизвикувајќи сласт и болка истовремено. Некои ова дело ќе го изблујат, за други ќе биде како нектар, овој намерно тенденциозен и истовремено маестрално спонтан материјал кој ќе одушеви и растажи, ќе ве фрли во *или прелест или созерцување*, но никој нема да остане рамнодушен. Едни ќе блејат како овци без вообличена свест за монолитот што е исправен пред нив, други пак ќе гребат со нокти и ќе гризаат со заби за да го обезличат она што ги разобличува.

Материјал кој е подготвуван (и покрај семоќната техника којашто е достапна денес, ова дело е полирано до совршеност повеќе од 6 месеци во најдобро опремено студио кај нас), со уште поголем ентузијазам и со емоции за кои ќе се говори и во поколенијата што доаѓаат. Дело кое однапред е осудено да стане култ, големото прашање е дали ќе биде препознаено, бидејќи знаеме што им се случи на Пророците. Надвор од невкусот на трендот, надвор од масовната продукција на индустријализираните производи, Мизар се врти кон својата ѕвезда водилка, Божјата креација, за да ги вообличи своите поимања на неискажливите теми и тајни на животот, со доволно храброст и сила да му проговори в лице на тој на кого што му се обраќа, но со доволна уметничка алегорија за да кружи околу вистината со цврста намера да не се испече од неа, онака како што доликува на секоја врвна уметност. Еден уметник кажа: Животот ќе го посветам да ги дознаам тајните на универзумот, на природата, на формата, на созданието и просторот и на времето во коешто живеам, ќе учам 70 години, но потоа кога ќе нацртам една обична точка, таа во себе ќе ги носи атрибутите на моето битие и сето мое сознание за уметноста и продуховеноста.

**Мизар** како и секогаш ни давал сложени музички форми во правецот во којшто твори, базична рок музика со поджанрови што се бројат со десетици, но и делови и пасажи што делуваат крајно едноставни. Но нека не ве залаже вулгарисот на исказот, тоа е само привид зад којшто стојат стилови и хармонии коишто се граделе не со тек на години, туку со децении. Повеќе од очигледна е зрелоста на членовите на Мизар и леснотијата на преточувањето на идејата во музичка форма, иако Кобна Убавина, како што му доликува на времето во коешто е создадена, содржи премногу цитати и рециклиран материјал ( со акцент на материјал објавен под името Кисмет) но е доволно оригинален за да застане како оригинална творба којашто со благодарност ја велича креацијата како врвен атрибут на човековото бивствување и им се поклонува на претходниците коишто оставија белег во нивниот приватен и професионален живот.

Така, на овој материјал ќе слушнете цитати, и тоа директни, од легендарни творци во рок музиката, но би било недолично да се правам премногу паметен и да направам Час по Анатомија од овој текст и да ви ги предочам сите скриени и очигледни тајни, како во некоја компјутерска игра, кога на патот до целта во сѐ се откриваат мали тајни, скриени ходници кои носат закрепнување и награда, кои ќе ви го разубават и патувањето и играњето. Овој прекрасен и повеќеслоен материјал носи задоволство и во тоа што сами ќе откривате нови и нови  простори во него, како визијата на Тесла за универзумот кој го согледуваше слоевито, како главица кромид, слој во слој во слој и така бесконечно. Тоа го прави албумот Кобна Убавина и практично интересен за слушање и анализирање, како предизвик за истражување на еден креиран универзум во кој навлегувате по своја волја и продуховеност, до невидени длабочини на креацијата. Искрен да бидам, одамна немало во мојата колекција албум којшто го предизвикал моето внимание на повторно и повторно преслушување онака како што тоа го правев во минатото. Мизар секогаш не само што биле големи уметници и соодветно на тоа создавале дела со висока естетска вредност, тие секогаш биле во дослух и сочувство со времето во кое живееле препознавајќи ги главните и КОБНИ аспекти на светот, тука ни се пренесени како епско и лирско дело со силни и бескомпромисни емоции. Ако народниот творец ја опеал 1762 и оставил вечна трага за трагедијата на еден народ, 300 години подоцна Мизар создава дело за век и веков , аманет за идните генерации со песната Амфилохиј.

И не вредат веќе ништо
илјадници зборови
сал скаредни срамни слова
во мртвите томоси.

Од вашето перо течат
мастила отровни
и црни се траги лепат
на прстите валкани.

Раширени раце
во име на љубовта,
затворени очи
во име на правдата

А изградив дом на брегот
со порти отворени,
но видовте само слабост,
само слабост
на кутар и нејак  плен

О несвет и беден отче,
се затемни светол ден,
ќе пресечам десна рака
што кон вас се подаде.

Раширени раце
во име на љубовта,
затворени очи
во име на правдата.
Подари ми насмев
надмен господарски
и пак распни Го Оној што
божем Го сведочиш.
Избриши си раце со хартии
безвредни
и кажи го зборот
што ништо не значи

Премин, Рождество Христово 2005

# MIZAR КОБНА УБАВИНА



**ЈУДА**

Над градот сиво сонце, се бори со облаци.
Под нив се дига врева од ѕвонци и клопотарци.

Најнапред оди Јуда со своите разбојници.
Од уста дождови му врнат од пцости и од гадости.

Ѕвона ѕвонат земја ќе се раскине,
место љубов лагата не обѕеде.

Од небо на златни крилја гулаб долета.
На главата му бело писмо и црна судбина

И во него слово до сите бедници...
историја со два краја меч со две острици

Ѕвона ѕвонат небо ќе се истури,
место љубов лагата не победи

**РАЗГОВОР СО СЛЕПИТЕ**

Ѕвонат ли камбаните или,
ми се причинува.
Одамна не сум слушнал таква Божја милина.

Не можам да верувам дека
е се невидливо,
безбојни облаци и провирни планини ... како убав сон!

Оној што ме возљуби ми ја
отвори вратата,
нежно ме помилува и ми
рече погледни ... а јас беден слеп!

Погледи нагоре нели
Сонце те огрева.
Пушти глас од длабини да чуеш ридов како одзива...
... со сета СИЛА!

**THE CARRS HISS ...**

I found myself last morning
in a darkened, empty room.
The sun was singing loud outside
in a sweet and perfect tune

Sun beams through my window
were shining on the wall.
I can't hear you baby
though you called and called and called.
I looked through the window
and saw the empty skies
no stars no view
although you
were the rulers of the night

The cars hiss by my window
like the waves down on the beach.
I though you were beside me
but you're not inside my dreams.

Sun beams
through my window
were shining on the wall.
I can't hear you baby
though you called, and called, and called.

(текстуален ремикс на "Cars Hiss by My Window"
Jim Morrison)

**АРМАКЕДОН**

Со тимпани и труби, торжества,
го дочекаа младиот цар.
На постела од свила безбожно дете
на новата правда син.

Среде ноќ волците вијат
низ празни булевари со подземен крик.
По кожа ми врват морници ладни
А в глава ми удира гонг.

Од Исток до Запад
од Тибет до Урал
terrible beauty is born - W.B.Yeats

Над главава ми фрштат жешки јазици.
Од водат се ведат гнасни ѕверови.
Го држам цврсто в рака крстот железен
со верба дека сеуште сум со Тебе.

Лажен бард сум јас на бродот наречен пропаст
поморец без очи и без глас.
Изгубен сум син на стравот
од вода и од пламен
со глава нурната во длабок вир.

Господи од верба венец ми исплети,
над мојава глава пред напукнад ѕид.

Смрт од вода страв од потоп.
Изградете кораб, изградете мост,
и бидете спремни на жестока љубов
Како на Оној, распнатиот на Крст!

Еве доаѓам по нив
нема да одминам никого.
В рака носам огнен жиг
посилен од нивното мастило.
Еве ме пак и пак,
немам страв но носам страшна пресуда.
И носам радосна вест:
Твојата крв е нивна слобода!

Над главава ми летаат бесни змејови.
Од очиве ми искрат молњи пламенни.
Замавнувам со мечот косам пред себе.
Господи ти си моето силно оружје!
Над мене летаат Сили и Престоли,
бегајте гнасни ѕверој змии, гуштери
Од внатре избликнува Твојата светлина.
Ќе ги погубиме со убавина!

Градот е нем

Градот е нем на моите прашања
градот е нем на моите повици
погледни го моето бледо лице
насмевот мој попаден од мраз

Услиши мја...














Кој ќе го препознае ова дело е само право на личен избор, но Амфилохиј, високо се издига над целиот материјал со својата жестина на огнениот меч кој го носи во текстот и истовремено со епски повик до небесата да бидат сведоци на клекнатиот кој се моли, со до крз загризана уста, за немо сведоштво и за подадена рака за спас од падот, без какво и да е обиколување, недвосмислено укажува и со прст насочен точно меѓу очите на конкретна трагедија на човековиот дух, онтолошко промашување. **Амфилохиј** е сигурно песна којашто ќе донесе контроверза и за која ќе се говори, но која ќе остане како кобна убавина да нè потсетува на едно од најголемите предавства што овој народ ги доживеал, овој пат не само како тажна песна пренесена над колевката и со солзи наследени од предците, туку доживеана како лична трагедија.

*Премин* не може да остане рамнодушен на една ваква творба, која го ежи секое влакненце на телото и создава морници на кичмата, соборува и обезружува до премаленост. Ова е точката на Мизар, нивната есенција на она што отсекогаш биле и што значеле, затоа и времето што ни го заробуваат во оваа временска капсула води и до до апсурд во една Sabers of Paradise преработка, како неорелистичен италијански филм ја препева 1762, онака како што и самите си плукнавме на сопствените вредности за кои гинеа нашите предци, за кои беа маченички убивани Светите отци. Дури и тајната шифра IDDQD, и кај најтврдокорните критичари и аналитичари ќе ги натера да се замислат: од каде сега патоказ во потрагата на бесмртноста? Сеедно е, сè уште има луѓе кои веруваат дека земјата е рамна како тепсија и дека Бог е само уште еден архаичен приказ на паганските времиња, кои како вулгарен парадокс станаа основа на модерното време. **Мизар** влегува во митска борба со тајните демони на цивилизацијата, иако понекогаш делува наивно и неуверливо - но тоа секогаш е индивидуално убедување заради заведување и заслепување од очигледната Кобна Убавина која пред очите ни се раѓа или како страшната реплика во Usual Suspects: „Најголемиот трик на ѓаволот е да го убеди светот дека тој не постои - Кајзер Созе".



За оние со око за технички детали:
Автор:
Мизар
Име на албумот:
Кобна убавина ( terrible beauty is born)
Членови на Мизар:
Горан Трајкоски, Горазд Чаповски, Жарко Серафимовски,
Илија Стојаповски, Владимир Касевски
Песни:
-амфилохиј
-почесна стрелба
-во мојот сон
-blood red sun
1762
of mice and men
terrible beausty is born
ова не е мојот дом
јуда
разговор со слепите
the cars hiss
армакедон
Градот е нем (незапишана сокриена тема)










музичка критика

# СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ



МАКПЕТРОЛ АД